РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-218
08.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-3384/4 од 07.08.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 07.08.2024 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на првото продолжение на 30-та седница одржано на 24.07.2024 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3159/2 од 24.07.2024 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г. и не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30

дена од денот на приемот на Фактурата бр.2024-100-0148 од 30.05.2024 г. (наш арх.бр.05-2565/1 од 30.05.2024 г.).

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-3384/4 од 07.08.2024 година, Советот на Агенцијата, на 32-та седница одржана на 07.08.2024 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;
- Управителот на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.